факти

# Злоупотреба и запоставување на старите лица

Се до појавувањето на иницијативите за третирање на проблемот на злоупотреба на децата во последната четвртина од 20-от век, злоставувањето на постарите лица остануваше приватна работа, добро скриена од погледот на јавноста. Денес, се повеќе тоа се гледа како важен проблем кој има изгледи да расте, бидејќи многу земји се соочуваат со популација која бргу старее. Се предвидува дека до 2025г., светската популација на лица од 60 години нагоре ќе се зголеми повеќе од двапати, од 542 милиони во 1995г. на околу 1,2 милијарди.

**Проектиран раст на светската популација од 60 години нагоре, 1995-2025**




Слично на другите видови насилство, злоставувањето на постарите вклучува физичка, сексуална и психолошка злоупотреба, како и запоставување. Но, постарите лица се чувствителни и на економска злоупотреба, при што други несоодветно ги користат нивните средства.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

Информациите за степенот на злоупотреба на постари лица се оскудни. Малкуте студии изведени на популацијата навестуваат дека помеѓу 4% и 6% од постарите луѓе доживеале некаква форма на злоупотреба во домот.

Постарите лица се изложени на ризик од злоставување и во институции како што се болници, старечки домови и други организации за долгорочна грижа. На пример, во еден преглед на Обединетите Нации, 36% од персоналот на старечките домови пријавиле дека биле сведоци барем на еден инцидент на физичка злоупотреба врз постар пациент во претходната година, 10% признале дека самите извршиле најмалку еден чин на физичко злоставување, а 40% рекле дека имале психолошки злоставувани пациенти.

Злоупотребата и запоставувањето на постарите лица вклучува ограничување на движење на пациентите, притоа лишувајќи ги од достоинството и изборот во секојдневните активности и пружање на недоволна нега ( на пр. декубитус, последица од притисок и неподвижност).

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

За старите лица, последиците од злоупотребата може да бидат особено сериозни, зашто нивните коски се покрти и заздравувањето трае подолго. Дури и релативно ситна повреда може да предизвика сериозна и трајна штета.

## КОИ СЕ РИЗИК-ФАКТОРИТЕ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА СТАРИ ЛИЦА?

Постојат многу ситуации кои постарите лица ги ставаат на ризик од насилство. Во некои случаи, затегнатите семејни односи може да се влошат како резултат на стрес и фрустрација, бидејќи старото лице станува зависно. Во други, зависноста на давателот на негата од старото лице заради живеалиште или финансика поддршка може да бидат извор на конфликт.

Социјалната изолација е значаен ризик-фактор за старото лице да претрпи малтретирање. Многу постари лица се изолирани поради физичка или ментална слабост, или преку загуба на пријателите и членовите на семејството.

Културолошки и социо-економски фактори кои може да влијаат врз ризикот од злоставување се:

- сликата за постарите луѓе како кршливи, слаби и зависни
- ерозијата на врските меѓу генерациите во семејството
- реструктурирањето на основните мрежи на поддршка за постарите
- системи на наследни и имотни права кои влијаат врз распределбата на моќта и материјалните добра во семејствата

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

– миграции на млади двојки во други делови, оставајќи ги постарите родители сами, во општества каде за постарите традиционално се грижеле нивните деца.

Постарите мажи се речиси на истиот ризик од злоставување како жените. Но, во култури каде жените имаат инфериорен социјален статус, постарите жени се на посебен ризик од напуштање и од губење на имотот кога ќе станат вдовици.

Во институциите, поверојатно е да дојде до злоупотреба онаму каде стандардите се ниски, персоналот е слабо обучен или има премногу работа, интеракциите меѓу персоналот и жителите на институцијата се отежнати, физичката средина е незадоволителна и каде политиката е во интерес на институцијата, а не на нејзините жители.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СТАРИ ЛИЦА?

Земјите во светот се во разни фази во нивниот национален и локален одговор на грижата и заштитата на старите лица. И додека некои земји ја вклучуваат злоупотребата на постарите лица во нивните закони и имаат целосно развиени системи за пријавување и третирање на случаите на злоупотреба, други имаат многу поограничен одговор.

### Социјални служби

Општо, земјите што даваат услуги на злоставените, запоставените или експлоатираните стари лица, тоа го сториле преку постојната мрежа на здравствени и социјални служби. Таквите служби обично вклучуваат медицинска, правна, психолошка и финансиска помош, како и помош при домувањето и при други прашања во врска со средината.

Други интервенции вклучуваат засолништа за итни ситуации, групи за поддршка конкретно наменети за постари злоставени лица и телефонски линии за помош. Во некои сиромашни земји, беа востановени локални проекти за да им помогнат на постарите лица да планираат програми и да си развијат сопствени служби.

### Здравствена заштита

Во некои земји, припадниците на медицинската професија одиграа водечка улога во покренувањето на јавноста во врска со злоупотребата на постарите лица. Сепак, малку интервентни програми за злоставени стари лица се сместени во болниците, а многу доктори не дијагностицираат злоставување, бидејќи тоа не е дел од нивната обука.
Некои од знаците и симптомите на злоупотреба се:

– временското растојание помеѓу повредите или болеста и барањето медицинска помош
– неверојатни или нејасни објаснувања за повредите или болеста, или од страна на пациентот, или од страна на давателот на негата
– чести посети на ургентното одделение поради влошување на хроничната состојба и покрај негата и средствата за справање со ова во домот
– функционално инвалидизирани постари пациенти кои пристигнуваат без нивниот главен давател на нега
– лабораториски наоди кои не се совпаѓаат со дадената анамнеза.

### Едукативни и кампањи за јавната свест

Едукацијата и подигањето на свеста кај јавноста се важни елементи за спречување злоставување и запоставеност. Целта на ваквите напори е информирање на лекарите и на широката јавност за разните видови злоупотреба, како да се утврдат знаците и симптомите на злоупотреба и каде може да се добие помош.

Медиумите може, исто така, да бидат моќно средство за менување на ставовите и за намалување на стереотипите за постарите лица.

Едукативните програми наменети за стари лица обично се поуспешни ако информациите за злоставување се преплетени со поопшти теми, како што е успешното стареење или здравствената заштита.